Јавно претпријатие за изградување на водостопански ... Хидросистем Злетовица-Пробиштип

Бр. 02 - 3/1
02.01. 2024 год.

Врз основа на член 19 точка 10, член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19, 89/22 и 274/22) и Одлуката за распишување на јавен конкурс за избор на Директор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип бр.02-961/41 од 27.12.2023 година, Управниот одбор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип објавува

ЈАВЕН КОНКУРС
за избор на Директор на ЈП ХС Злетовица – Пробиштип

Се распишува јавен конкурс за избор на Директор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип

1. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилан судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност

Покрај општите услови, кандидатите треба да ги исполнуваат следниве посебни услови, утврдени во Законот за јавните претпријатија:
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование,
- да има миниму 5 (пет) години работно искуство
- да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT)-најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS)- најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English:Legal)- најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English:First) – положен, , БУЛАТС (BULATS) –најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2).

2. Кандидатите со пријавата треба да достават докази за исполнување на условите и тоа:
- Кратка биографија (CV),
- Уверение за државјанство,
- Диплома или уверение за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- Потврда за работно искуство - Историјат за вработување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж,
- Потврда од надлежен орган дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност,
- Лекарско уверение,
- Сертификат за познавање на јазик,
- План и програма за работа на јавното претпријатие во наредните 4 (четири) години

Доказите се доставуваат во оригинал или заверени на нотар.

3. Директорот се избира со мандат од 4 (четири) години.
4. Јавниот конкурс трае 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавување во дневниот печат.
5. По завршување на конкурсот пристигнатите документи ги прегледува трочлена комисија формирана од Управниот одбор при ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, која во рок

од 8 (осум) дена по истекот на рокот на конкурсот целокупната документација ја доставува до Управниот одбор на јавното претпријатие.
Управниот одбор во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на добивање на документацијата донесува одлука за избор на Директор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип.
6. Пријавата со потребната документација треба да се достави во запечатен плик со назнака "За јавен конкурс за избор на Директор", преку пошта или директно во архивата секој работен ден од 7 до 15 часот, на адреса ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, ул.Цветко Тонев бр.3А Пробиштип.
7. Пријавите што нема да бидат поднесени во утврдениот рок и пријавите што не ги содржат бараните документи ќе се сметаат како неблаговремени односно некомплетни и истите нема да се разгледуваат.

ЈП ХС Злетовица - Пробиштип
Управен одбор